РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-464/5
15-07-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20-та седница одржана на ден 04.07.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот оформен по пријава, заведена под број 12-2842/1 од 30.10.2024 година, во која се изнесени наводи за сомневање за донесување на незаконска Одлука за мирување на работниот однос на работникот -------------------------------- во ----------------------, поради именување на истиот за управител во --------------------------------- Скопје, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што не се потврдуваат наводите од пријавата.

Предметот со број 12-2842/1 од 30.10.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата постапува по предмет со број 12-2842/1, оформен по пријава од познат подносител, во која се изнесени наводи за сомневања за донесување на незаконска Одлука за мирување на работниот однос на работникот ---------------------- во -----------------------, поради именување на истиот за управител во ---------------------------------- Скопје.

Подносителот во пријавата наведува дека -------------------------------- на РСМ, незаконски го ставил во мирување работниот однос на работникот -----------------------, поради именување за управител на -------------------------------------.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, Државната комисија се обрати до Државниот инспекторат за труд од каде побара да се изврши надзор врз постапката за мирување на работниот однос на вработениот --------------------------- во ----------------------- на РСМ и да се извести ДКСК за констатираните состојби.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

На ден 08.05.2025 година, Државниот инспекторат за труд достави Одговор до ДКСК.

Во доставениот одговор на ДИТ било утврдено ова фактичка состојба: Фабриката за опрема и делови ---------------------------------- -Скопје, врз основа на член 232 и 242 од Законот за трговски друштва, член 20 од Статутот на ----------------- во државна сопственост Скопје и член 14 од Деловникот за работа на Управниот одбор во својство на основач и единствен содружник на ------ и ----- на ------- за опрема и делови ----------------------------------Скопје, на состанок одржан на ден 25.09.2024 година, донела Одлука за избор на лицето ----------------------------- за управител на овој правен субјект.

Работникот ------------------------------, вработен во -------------------------- на РСМ, на работно место ---------------- во отсек за стоков промет во -----------------------------------------, до работодавачот согласно член 151 од Законот за работни односи, поднел Барање за мирување на работниот однос, поради именување за Управител на Фабриката за опрема и делови ---------------------------------- со одлука на Управниот Одбор на --------------- УО бр.-------/---/--, донесена на 25.09.2024 година.

Директорот на ------------------------------ на РСМ, врз основа на барањето на работникот ----------------------, член 7 став 2 од Законот за --------------------------- на РСМ и член 151 од Законот за работни односи, донел Решение бр.------------/-------- од 25.09.2024 година за мирување на работниот однос на горенаведениоит работник во -------------------- на РСМ, поради именување на истиот за Управител на ---------------------------, сметано од 25.09.2024 година.

ДИТ при надзорот утврди дека работниот однос на работникот ----------------------- во --------------------------- му мирува согласно член 151 од Законот за работни односи, кој гласи:„На работник кој е избран или именуван на државна или јавна функција, утврдена со закон, а чие вршење бара привремено да престане да работи кај работодавачот, му мирува работниот однос за време на вршење на функцијата и има право, во рок од 15 дена по престанувањето на функцијата што ја вршел, да се врати на работа кај работодавачот за вршење на работи кои одговараат на неговиот степен на стручна подготовка“.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека не се потврдуват наводите од пријавата, поради што нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај и оттаму одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател
м-р Билјана Каракашова Шулев

Изготвил: м-р Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор,
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК